**ЗАПИСНИК**
**од 8-та седница на Советот на Агенцијата за аудио**
**и аудиовизуелни медиумски услуги**
**одржана на 15.02.2019 година**

**Присутни членови на Советот на Агенцијата:** Лазо Петрушевски претседател на Советот на АААВМУ, д-р Милаим Фетаи заменик на претседателот на Советот на АААВМУ, м-р Алма Машовиќ, Лазар Трајчев, Зоран Фиданоски, м-р Методија Јанчески, Селвер Ајдини.

**Отсутни членови на Советот на Агенцијата: /**

**На седницата беше присутен д-р Зоран Трајчевски директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.**

**Присутни од Стручната служба:** м-р Драгица Љубевска, Горан Радуновиќ, м-р Магдалена Давидовска Довлева, Маја Дамевска, д-р Ивана Стојановска.

**Други присутни:** Арменд Гаши од ТВ 21, Михајло Донев од Слободен печат и Фиљана Кока од МТВ.

Г-дин Петрушевски ја отвори 8 -та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Седницата започна во 12:40 часот и се одржа во просториите на Агенцијата.

Г-дин Петрушевски во врска со предложениот дневен ред, информира дека под Точката 4 ќе се разгледуваат 16 предлози за покренување на постапки за одземање на дозволата за телевизиско или радио емитување на радиодифузери. Објасни дека првично на списокот беа 17 радиодифузери, но РА Александар Македонски од Кичево целосно го уплатил надоместокот и за него нема да се покрене постапка.

Советот на Агенцијата едногласно, со 7 гласа „за" го усвои следниот:

**Д Н Е В Е Н   Р Е Д**

1. Усвојување на Предлог-записник од 2-та Јавна седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 07.02.2019 година.
2. Усвојување на Предлог-записник од 7-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 07.02.2019 година.
3. Предлог-одлука за поведување постапка за утврдување постоење повреда на член 38 Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги кај ТРД 1 ТВ ДООЕЛ Скопје.
4. Предлози за покренување на постапки за одземање на дозволата за телевизиско или радио емитување на радиодифузери.
5. Разно.

**Точка 1**

Советот го разгледа и едногласно го усвои предложениот Записник од 2-та Јавна седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 07.02.2019 година, со текст како што беше предложен.

**Точка 2**

Советот го разгледа и со 6 гласа „за" и еден воздржан глас од г-дин Трајчев го усвои предложениот Записник од 7-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 07.02.2019 година, со текст како што беше предложен.

**Точка 3**

Г-дин Трајчевски ја образложи Предлог-одлуката за поведување постапка за утврдување постоење повреда на член 38 Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги кај ТРД 1 ТВ ДООЕЛ Скопје. Објасни дека Собранието минатиот петок на 8 февруари 2019г. го избра лицето Јасминка Јовановска за член на Комисијата за пристап за информации од јавен карактер. Самиот чин на избор на лицето Јасминка Јовановска кој е брачен другар на еден од сопствениците на 1ТВ претставува директно прекршување на член 38 од ЗААВМУ каде јасно е нагласено дека сопствениците и членовите на нивните семејства не можат да имаат удел и да бидат основачи на медиум. Ова е сериозно прекршување односно едно од најсериозните прекршувања на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и сигурно не допринесува во насока на подобрување на слободата на изразување и слободата на медиумите во нашата држава и сигурно овој чин ќе биде евидентиран во наредните меѓународни извештаи за слободата на изразување за нашата држава. Објасни дека Агенцијата веднаш по излегување на одлуката во Службен весник реагираше и притоа се известија и членовите на Советот за настанатата ситуација. Во меѓувреме, во текот на вчерашниот ден се дозна од медиумите и денес официјално до Агенцијата е доставена оставка од лицето Јасминка Јовановска за функцијата за која што е избрана од страна на Собранието и таа оставка е доставена до членовите. По констатирање на оставката од Собранието ќе биде и отстрането прекршувањето на член 38 од ЗААВМУ.

Г-дин Фиданоски рече дека и тој во текот на вчерашниот ден од медиумите дознал дека личноста заради која се поведува оваа постапка, Јасминка Јовановска, поднела неотповиклива оставка на функцијата на која е избрана минатата недела. Го чека и формалниот момент на констатација од Собранието, претпоставува дека тоа ќе се случи набрзо. Она што сака да го каже е што во изминатиот период, по негова слободна проценка, некаде околу година и пол – две има впечаток дека притисокот од јавноста и реакциите од јавноста даваат ефекти и практично имаше неколку ситуации каде што по такви реакции, а имаше реакции од јавноста и за ова, се повлекуваа преземените чекори, што лично охрабрува затоа што и истовремено докажува дека јавноста има влијание да сопре и да пренасочи определени процеси или негативни чекори што се случуваат во државата. Се надева дека таквите негативни чекори во иднина ќе бидат што помалку, но останува на ставот дека јавноста секогаш треба да остане будна и да придонесува со таквите свои реакции во исправање на таквите чекори.

Г-дин Петрушевски рече дека Собранието на 08.02.2019г. ја донесе оваа одлука. Одлуката е спротивна на член 38 од ЗААВМУ, значи е противзаконска. Не навлегува во причините зошто Собранието ја донело оваа Одлука, дали не знаеле или биле заведени. Во секој случај добро е што реагираше јавноста, добро е што Советот и Агенцијата ја ставија точката на дневен ред и сосема е логична реакцијата на Јасминка Јовановска која поднела оставка на оваа функција. Тоа е нормална реакција затоа што другите две можности се многу полоши, едната е сопственикот да ја продаде телевизијата и втората можност е да ја изгубат дозволата, која секако би била најлошата варијанта. Ова е најдобра, најлогична варијанта што сега се случува. Од формални причини додека на пленарна седница на Собранието не се констатира оставката таа се`уште е член, иако поднесена е неотповиклива оставка. Формално тоа мора да се случи, се надева дека веќе следната недела во понеделник кога ќе има пленарна седница. До тогаш Советот нема да носи формална одлука, ќе останат на дискусиите од денес, а формалното гласање ќе го направат кога ќе се случи формално констатирање на оставката. Дискусијата ќе ја исцрпат денес и за некоја наредна седница ќе остане да ја изгласаат членовите на Советот. Очигледно е дека со ова се исполнуваат условите за да не се поведе постапка. Тоа е неговиот став, за кој мисли дека е блиску и до ставот на г-дин Фиданоски.

Г-дин Фетаи рече дека добро е што Советот и Агенцијата како регулатор одма реагираат, бидејќи даваат до знаење дека не само што го почитуваат Законот туку немаат селективен пристап. Член 38 од ЗААВМУ е наследен од член 11 од Законот за радиодифузната дејност, за кој мисли дека е препишан тој член, горе долу со истите обврски. Бидејќи тој има поголем стаж во регулаторот, се потсетил дека некаде во 2011 година кога почнале малку посериозно да го применуваат тој член, дошле до констатација дека, меѓу другите, имаше и два медиуми на државно ниво кои емитуваа програма, нивните сопственици или нивните роднини беа носители на највисоки јавни функции, како пратеници, министри. Во оваа насока е добро што законодавецот дава можност да им укажат на медиумите кога го прекршуваат овој член и имаат преоден период тие да го усогласат нивното работење со Законот. Во овој случај тие направиле грешка, госпоѓата која е во брачна врска со сопственикот го прекршиле член 38, и тие процедурално и законски бараат од нив да се прилагодат кон обврските кои произлегуваат од сегашниот член 38 на ЗААВМУ. И веќе има нивна експресна интервенција во смисла дека ќе се откаже од јавната функција. Ова е добро и се надоврза на тоа дека Советот не дека не бара помош од јавноста, бидејќи нивната помош е силата и снагата што ја дава Законот да ги реализираат обврските кои произлегуваат од него, туку има и обврска да се потранспарентни спрема јавноста, во смисла дека имаат јавна седница, дека нивните одлуки и сите дискусии се јавни. Во таа смисла добро е што е реагирано навреме и се надева дека медиумот ќе го отстрани тој случаен упат во член 38 од ЗААВМУ.

Г-дин Трајчевски рече дека сака да го искаже неговиот став и реакција во однос на реакцијата односно ФБ статусот од 1ТВ во однос на овие активности на Агенцијата каде што повикуваат „да ги оставиме на мира и дека ова претставува пример како треба да се постапува". Не се согласува дека ова преставува пример, ова преставува поука, за сите оние што го прекршуваат Законот, дека не треба да го прекршуваат и дека Агенцијата будно ги следи активностите на медиумите и не може прекршување на Законот да преставува пример. Тоа може да биде само негативност и поука до другите дека Агенцијата неселективно ќе постапува кон сите радиодифузери.

Г-дин Фетаи рече дека овој случај пак го враќа на таа идеја што ја имал законодавецот, за која мисли дека е во согласност со европските стандарди и Советот на Европа околу недозволената медиумска концентрација. Предложи Секторот за стратешко планирање и авторски права понатаму да покрене едно истражување во поглед на новите функционери по локалните избори што ги имаше, бидејќи има нови советници низ државата кои можеби имаат нови удели. Не сакаат да дојдат во позиција да ги затворат медиумите, туку да се испочитува оваа Законска обврска во насока да го регулираат нивното работење ако случајно се дојде до сознанија дека имаат. Бидејќи една ваква акција имаше во минатото и имаше резултати. Сега има многу нови министри, заменици министри, па сите носители на јавни функции кој овој член на Закон ги набројува. Кога е во прашање почитување на Законот вклучително и на овој член, регулаторот нема селективен пристап. Во минатиот период двете телевизии ТВ Сител и ТВ Канал 5 имаа големи проблеми во однос на тоа како да го усогласат нивното работење со член 38, па беа принудени или да го продадат медиумот или да се откажат од јавната функција, во минијатура нешто слично што го очекува и 1ТВ.

Г-дин Фиданоски внимателно ја слушал дискусијата на г-дин Фетаи и се сетил иако тогаш не бил дел од Советот, дека за тие два случаи во тоа време се дигна голема прашина во јавноста. Се заврши на начин дека радиодифузерите требаше да го испочитуваат Законот како што налагаше. Така треба да се реагира и во овој случај и претпоставува дека така и ќе се случи. Рече дека го радува што реакцијата од јавноста по одредени појави придонесува некои работи кој што фатиле погрешен правец навремено да се исправат. Грешката да се исправи од тој што ја направил, дали била намерна или не намерна не навлегува, тоа не е работа на Советот. Во секој случај го поздравува потегот што го направила сопругата на доминантниот сопственик на телевизијата и ќе очекуваат Собранието да ја констатира таа оставка.

Г-дин Трајчевски даде појаснување. Во 2012 година кога престана прекршувањето на член 11 од Законот за радиодифузната дејност, не беа само два медиуми, туку беа двете телевизии кои ги спомнал г-дин Фетаи, потоа радио на национално ниво Канал 77, Телевизија Шутел на регионално ниво и едно радио од Струмица каде што пратеник беше косопственик, значи имаше повеќе случаи. Минатата година веднаш по локалните избори доколку се сеќаваат, на седница се разгледуваше случај за медиум од Кочани каде што нејзиниот сопственик стана советник.

Г-дин Петрушевски по дискусијата, рече дека формално гласањето по оваа точка ќе го направат откако на пленарна седница на Собранието ќе се констатира оставката на госпоѓата. Сега ја одложуваат точката за наредна седница кога ќе се создадат можности да гласаат.

**Точка 4**

Г-дин Петрушевски во врска со предлозите за покренување на постапка за одземање на дозволата за телевизиско или радио емитување на радиодифузери, информира дека има 16 постапки. Предложи дискусијата да биде општа за сите, точките се технички но се остава можноста за коментари а потоа за еден по еден ќе се гласа посебно за започнување на постапки.

Г-дин Ајдини рече дека ова преставува стандардна процедура во работата на Советот. Меѓутоа неколку години station наназад кај одредени радиодифузери ова стана пракса, односно да го плаќаат надоместокот откако ќе се покрене постапка за одземање на дозвола. Се надева дека и овој пат така ќе биде, дека сите радиодифузери кои се на листата ќе го платат надоместокот за дозволата и Советот нема да се доведе до ситуација некому да му ја одземат дозволата.

Г-дин Петрушевски рече дека е убеден дека повеќето од нив, огромен процент ќе платат, затоа што како и за претходната точка така и за оваа покажале во минатите години дека секогаш го спроведуваат Законот онака како што треба прецизно, точно и неселективно. Потенцира службата по електронска пошта, писмено или со соопштение навремено да ги информира сите медиумите за кои ќе се покрене постапка, за последниот рок до кога ќе можат да го платат надоместокот, за да не го пропуштат и да не дојде до одземање на дозволата заради промашување на рокот за еден ден.

- Советот на Агенцијата едногласно покрена постапка за одземање на дозволата за телевизиско емитување на ТРД КАНАЛ 5 ПЛУС ДООЕЛ Скопје, бр.08-7 од 05.01.2015 година, врз основа на предлог за одземање на дозволата, доставен согласно член 23 став 1 алинеја 3 и член 83 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19).

Согласно Писмениот извештај за извршен административен надзор бр.05-764 од 12.02.2019 година радиодифузерот не ја исполнил обврската од член 80 став 5 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, односно не го платил годишниот надоместок за дозволата за телевизиско емитување на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, според доставената ф-ра бр.2019-100-0007 од 10.01.2019 година заклучно со 08.02.2019 година кога беше крајниот законски рок за уплата на надоместокот ТРД КАНАЛ 5 ПЛУС ДООЕЛ Скопје, не извршил уплата во износ од 2.489.669,00 (двамилионачетиристотиниосумдесетидеветиљадиишестотинишеесетидевет) денари.

Се задолжи Секторот за финансии и логистика на горенаведениот радиодифузер да му достави писмено известување.

- Советот на Агенцијата едногласно покрена постапка за одземање на дозволата за телевизиско емитување на РТД ТЕЛЕВИЗИЈА СОНЦЕ ДООЕЛ Прилеп, бр.08-10 од 05.01.2015 година, врз основа на предлог за одземање на дозволата, доставен согласно член 23 став 1 алинеја 3 и член 83 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19).

Согласно Писмениот извештај за извршен административен надзор бр.05-765 од 12.02.2019 година радиодифузерот не ја исполнил обврската од член 80 став 5 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, односно не го платил годишниот надоместок за дозволата за телевизиско емитување на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, според доставената ф-ра бр.2019-100-0009 од 10.01.2019 година РТД ТЕЛЕВИЗИЈА СОНЦЕ ДООЕЛ Прилеп, заклучно со 08.02.2019 година кога беше крајниот законски рок за уплата на надоместокот РТД ТЕЛЕВИЗИЈА СОНЦЕ ДООЕЛ Прилеп, не извршил уплата во износ од 1.993.767,00

(еденмилиондеветстотинидеведесетитриилјадии¬седумстотини¬шеесетиседум) денари.

Се задолжи Секторот за финансии и логистика на горенаведениот радиодифузер да му достави писмено известување.

- Советот на Агенцијата едногласно покрена постапка за одземање на дозволата за телевизиско емитување на ТРД ТВ СКОПЈЕ ДОО Скопје, бр.08-17 од 05.01.2015 година, врз основа на предлог за одземање на дозволата, доставен согласно член 23 став 1 алинеја 3 и член 83 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19).

Согласно Писмениот извештај за извршен административен надзор бр.05-766 од 12.02.2019 година радиодифузерот не ја исполнил обврската од член 80 став 5 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, односно не го платил годишниот надоместок за дозволата за телевизиско емитување на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, според доставената ф-ра бр.2019-100-0014 од 10.01.2019 година заклучно со 08.02.2019 година кога беше крајниот законски рок за уплата на надоместокот ТРД ТВ СКОПЈЕ ДОО Скопје, не извршил уплата во износ од 718.926,00 (седумстотинииосумнаесетилјадиидеветстотинидваесетишест) денари.

Се задолжи Секторот за финансии и логистика на горенаведениот радиодифузер да му достави писмено известување.

- Советот на Агенцијата едногласно покрена постапка за одземање на дозволата за телевизиско емитување ТРДД ТЕЛЕВИЗИЈА КОЧАНИ-ЛД ДООЕЛ Кочани, бр.08-44 од 05.01.2015 година, врз основа на предлог за одземање на дозволата, доставен согласно член 23 став 1 алинеја 3 и член 83 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19).

Согласно Писмениот извештај за извршен административен надзор бр.05-767 од 12.02.2019 година радиодифузерот не ја исполнил обврската од член 80 став 5 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, односно не го платил годишниот надоместок за дозволата за телевизиско емитување на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, според доставената ф-ра бр.2019-100-0024 од 10.01.2019 година заклучно со 10.02.2019 година кога беше крајниот законски рок за уплата на надоместокот ТРДД ТЕЛЕВИЗИЈА КОЧАНИ-ЛД ДООЕЛ Кочани, не извршил уплата во износ од 94.484,00 (деведесетичетириилјадиичетиристотиниосумдесетичетири) денари.

Се задолжи Секторот за финансии и логистика на горенаведениот радиодифузер да му достави писмено известување.

- Советот на Агенцијата едногласно покрена постапка за одземање на дозволата за телевизиско емитување на ТРД Т.В. КАЛТРИНА Мазар Татеши, Струга ДООЕЛ, бр.08-55 од 05.01.2015 година, врз основа на предлог за одземање на дозволата, доставен согласно член 23 став 1 алинеја 3 и член 83 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19).

Согласно Писмениот извештај за извршен административен надзор бр.05-768 од 12.02.2019 година радиодифузерот не ја исполнил обврската од член 80 став 5 од

Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, односно не го платил годишниот надоместок за дозволата за телевизиско емитување на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, според доставената ф-ра бр.2019-100-0031 од 10.01.2019 година заклучно со 10.02.2019 година кога беше крајниот законски рок за уплата на надоместокот ТРД Т.В. КАЛТРИНА Мазар Татеши, Струга ДООЕЛ, не извршил уплата во износ од 74.701,00 (седумдесетичетириилјадиседумстотиниеден) денар.

Се задолжи Секторот за финансии и логистика на горенаведениот радиодифузер да му достави писмено известување.

- Советот на Агенцијата едногласно покрена постапка за одземање на дозволата за телевизиско емитување на ТДРД СПЕКТРА, Општина Лабуништа ДООЕЛ, бр.08-56 од 05.01.2015 година, врз основа на предлог за одземање на дозволата, доставен согласно член 23 став 1 алинеја 3 и член 83 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19).

Согласно Писмениот извештај за извршен административен надзор бр.05-769 од 12.02.2019 година радиодифузерот не ја исполнил обврската од член 80 став 5 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, односно не го платил во целост годишниот надоместок за дозволата за телевизиско емитување на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, според доставената ф-ра бр.2019-100-0032 од 10.01.2019 година заклучно со 10.02.2019 година кога беше крајниот законски рок за уплата на надоместокот ТДРД СПЕКТРА, Општина Лабуништа ДООЕЛ има извршено само делумна уплата во износ од 45.836,00 (четириесетипетилјадиосумстотинитриесетишест) денари (уплатата е извршена на ден 11.02.2019 година). Согласно наведеното, ТДРД СПЕКТРА, Општина Лабуништа ДООЕЛ, има за доплата износ од 45.000,00 (четириесетипетилјади) денари.

Се задолжи Секторот за финансии и логистика на горенаведениот радиодифузер да му достави писмено известување.

- Советот на Агенцијата едногласно покрена постапка за одземање на дозволата за радио емитување на ТРД БИ-КИ-АЛ ДООЕЛ Битола, бр.08-88 од 05.01.2015 година, врз основа на предлог за одземање на дозволата, доставен согласно член 23 став 1 алинеја 3 и член 83 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19).

Согласно Писмениот извештај за извршен административен надзор бр.05-771 од 12.02.2019 година радиодифузерот не ја исполнил обврската од член 80 став 5 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, односно не го платил годишниот надоместок за дозволата за радио емитување на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, според доставената ф-ра бр.2019-100-0062 од 10.01.2019 година заклучно со 10.02.2019 година кога беше крајниот законски рок за уплата на надоместокот ТРД БИ-КИ-АЛ ДООЕЛ Битола, не извршил уплата во износ од 32.851,00 (триесетидвеилјадиосумстотинипедесетиеден) денар.

Се задолжи Секторот за финансии и логистика на горенаведениот радиодифузер да му достави писмено известување.

- Советот на Агенцијата едногласно покрена постапка за одземање на дозволата за телевизиско емитување на ТРД ТВ-АНИСА ДООЕЛ с.Пласница-Пласница, бр.08-59 од 05.01.2015 година, врз основа на предлог за одземање на дозволата, доставен согласно член 23 став 1 алинеја 3 и член 83 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19).

Согласно Писмениот извештај за извршен административен надзор бр.05-828 од 13.02.2019 година радиодифузерот не ја исполнил обврската од член 80 став 5 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, односно не го платил годишниот надоместок за дозволата за телевизиско емитување на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, според доставената ф-ра бр.2019-100-0035 од 10.01.2019 година заклучно со 12.02.2019 година кога беше крајниот законски рок за уплата на надоместокот ТРД ТВ-АНИСА ДООЕЛ с.Пласница-Пласница, не извршил уплата во износ од 51.178,00 (педесетиеднаилјадаистоседумдесетиосум) денари.

Се задолжи Секторот за финансии и логистика на горенаведениот радиодифузер да му достави писмено известување.

- Советот на Агенцијата едногласно покрена постапка за одземање на дозволата за радио емитување на ТРДД Б-97 ДООЕЛ Битола, бр.08-87 од 05.01.2015 година, врз основа на предлог за одземање на дозволата, доставен согласно член 23 став 1 алинеја 3 и член 83 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19).

Согласно Писмениот извештај за извршен административен надзор бр.05-827 од 13.02.2019 година радиодифузерот не ја исполнил обврската од член 80 став 5 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, односно не го платил годишниот надоместок за дозволата за радио емитување на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, според доставената ф-ра бр.2019-100-0061 од 10.01.2019 година ТРДД Б-97 ДООЕЛ Битола, заклучно со 12.02.2019 година кога беше крајниот законски рок за уплата на надоместокот ТРДД Б-97 ДООЕЛ Битола, не извршил уплата во износ од 32.851,00 (триесетидвеилјадииосумстотинипедесетиеден) денар.

Се задолжи Секторот за финансии и логистика на горенаведениот радиодифузер да му достави писмено известување.

- Советот на Агенцијата едногласно покрена постапка за одземање на дозволата за радио емитување на Непрофитната радиодифузна установа УНИВЕРЗИТЕТСКО РАДИО УГД ФМ Штип, бр.08-135 од 05.01.2015 година, врз основа на предлог за одземање на дозволата, доставен согласно член 23 став 1 алинеја 3 и член 83 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19).

Согласно Писмениот извештај за извршен административен надзор бр.05-825 од 13.02.2019 година радиодифузерот не ја исполнил обврската од член 80 став 5 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, односно не го платил годишниот надоместок за дозволата за радио емитување на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги според доставената ф-ра бр.2019-100-0103 од 10.01.2019 година заклучно со 12.02.2019 година кога беше крајниот законски рок за уплата на надоместокот Непрофитната радиодифузна установа УНИВЕРЗИТЕТСКО РАДИО УГД

ФМ Штип, не извршила уплата во износ од 8.741,00 (осумилјадиизедумстотиничетириесетиеден) денар.

Се задолжи Секторот за финансии и логистика на горенаведениот радиодифузер да му достави писмено известување.

- Советот на Агенцијата едногласно покрена постапка за одземање на дозволата за телевизиско емитување на ТРД ДИБРА ТВ ДООЕЛ Дебар, бр.08-57 од 05.01.2015 година, врз основа на предлог за одземање на дозволата, доставен согласно член 23 став 1 алинеја 3 и член 83 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19).

Согласно Писмениот извештај за извршен административен надзор бр.05-829 од 13.02.2019 година радиодифузерот не ја исполнил обврската од член 80 став 5 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, односно не го платил годишниот надоместок за дозволата за телевизиско емитување на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, според доставената ф-ра бр.2019-100-0033 од 10.01.2019 година заклучно со 12.02.2019 година кога беше крајниот законски рок за уплата на надоместокот ТРД ДИБРА ТВ ДООЕЛ Дебар, не извршил уплата во износ од 52.673,00 (педесетидвеилјадиишестотиниседумдесетитри) денари.

Се задолжи Секторот за финансии и логистика на горенаведениот радиодифузер да му достави писмено известување.

- Советот на Агенцијата едногласно покрена постапка за одземање на дозволата за телевизиско емитување на ТРД ТВ ЗДРАВКИН Ангелче Здравкин, ДООЕЛ, Велес, бр.08-50 од 05.01.2015 година, врз основа на предлог за одземање на дозволата, доставен согласно член 23 став 1 алинеја 3 и член 83 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19).

Согласно Писмениот извештај за извршен административен надзор бр.05-830 од 13.02.2019 година радиодифузерот не ја исполнил обврската од член 80 став 5 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, односно не го платил годишниот надоместок за дозволата за телевизиско емитување на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, според доставената ф-ра бр.2019-100-0028 од 10.01.2019 година заклучно со 12.02.2019 година кога беше крајниот законски рок за уплата на надоместокот ТРД ТВ ЗДРАВКИН Ангелче Здравкин, ДООЕЛ, Велес, не извршил уплата во износ од 75.419,00 (седумдесетипетилјадичетиристотиниидеветнаесет) денари.

Се задолжи Секторот за финансии и логистика на горенаведениот радиодифузер да му достави писмено известување.

- Советот на Агенцијата едногласно покрена постапка за одземање на дозволата за телевизиско емитување на ТРД ТВ АМАЗОН ДООЕЛ Скопје, бр.08-11 од 05.01.2015 година, врз основа на предлог за одземање на дозволата, доставен согласно член 23 став 1 алинеја 3 и член 83 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19).

Согласно Писмениот извештај за извршен административен надзор бр.05-832 од 13.02.2019 година радиодифузерот не ја исполнил обврската од член 80 став 5 од

Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, односно не го платил годишниот надоместок за дозволата за телевизиско емитување на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги според доставената ф-ра бр.2019-100-0010 од 10.01.2019 година заклучно со 12.02.2019 година кога беше крајниот законски рок за уплата на надоместокот ТРД ТВ АМАЗОН ДООЕЛ Скопје, не извршил уплата во износ од 718.926,00 (седумстотиниосумнаесетилјадидеветстотинидваесетишест) денари.

Се задолжи Секторот за финансии и логистика на горенаведениот радиодифузер да му достави писмено известување.

- Советот на Агенцијата едногласно покрена постапка за одземање на дозволата за телевизиско емитување на ТРД К ТРИ ТЕЛЕВИЗИЈА ДООЕЛ Куманово, бр.08-21 од 05.01.2015 година, врз основа на предлог за одземање на дозволата, доставен согласно член 23 став 1 алинеја 3 и член 83 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19).

Согласно Писмениот извештај за извршен административен надзор бр.05-831 од 13.02.2019 година радиодифузерот не ја исполнил обврската од член 80 став 5 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, односно не го платил годишниот надоместок за дозволата за телевизиско емитување на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги според доставената ф-ра бр.2019-100-0017 од 10.01.2019 година заклучно со 12.02.2019 година кога беше крајниот законски рок за уплата на надоместокот ТРД К ТРИ ТЕЛЕВИЗИЈА ДООЕЛ Куманово, не извршил уплата во износ од 221.984,00 (двестедваесетиеднаилјадаидеветстотиниосумдесетичетири) денари.

Се задолжи Секторот за финансии и логистика на горенаведениот радиодифузер да му достави писмено известување.

- Советот на Агенцијата едногласно покрена постапка за одземање на дозволата за телевизиско емитување на ТРД ТВ КИСС, Злате ДООЕЛ Тетово, бр.08-34 од 05.01.2015 година, врз основа на предлог за одземање на дозволата, доставен согласно член 23 став 1 алинеја 3 и член 83 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19).

Согласно Писмениот извештај за извршен административен надзор бр.05-848 од 14.02.2019 година радиодифузерот не ја исполнил обврската од член 80 став 5 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, односно не го платил годишниот надоместок за дозволата за телевизиско емитување на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги според доставената ф-ра бр.2019-100-0019 од 10.01.2019 година заклучно со 13.02.2019 година кога беше крајниот законски рок за уплата на надоместокот на ТРД ТВ КИСС, Злате ДООЕЛ Тетово, не извршила уплата во износ од 372.432,00 (тристаседумдесетидвеилјадиичетиристотинитриесетидва) денари.

Се задолжи Секторот за финансии и логистика на горенаведениот радиодифузер да му достави писмено известување.

- Советот на Агенцијата едногласно покрена постапка за одземање на дозволата за радио емитување на ТРД РАДИО ВАЛАНДОВО ДОО Валандово, бр.08-90 од 05.01.2015 година, врз основа на предлог за одземање на дозволата,

доставен согласно член 23 став 1 алинеја 3 и член 83 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19).

Согласно Писмениот извештај за извршен административен надзор бр.05-849 од 14.02.2019 година радиодифузерот не ја исполнил обврската од член 80 став 5 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, односно не го платил годишниот надоместок за дозволата за радио емитување на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги според доставената ф-ра бр.2019-100-0064 од 10.01.2019 година заклучно со 13.02.2019 година кога беше крајниот законски рок за уплата на надоместокот ТРД РАДИО ВАЛАНДОВО ДОО Валандово не извршила уплата во износ од 5.979,00 (петилјадидеветстотиниседумдесетидевет) денари.

Се задолжи Секторот за финансии и логистика на горенаведениот радиодифузер да му достави писмено известување.

**Точка 5**

**Разно**

**Бр.** 02-748/18
21-02-**2019 година**
**С к о п ј е**

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**
**Претседател на Советот**

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**